# IN MEMORIAM

## АКАДЕМИК И УНИВЕРЗИТЕТСКИ ПРОФЕСОР ЉУБЕН ЛАПЕ

На 24 ноември 1985 година, по кратко и тешко боледување, почина академикот и универзитетскиот професор Љубен Лапе.

Како еден од втемелувачите на високото школство кај нас, професорот Љубен Лапе има посебни заслуги во основањето, организацијата и развојот на Катедрата за историски науки (денес ННСГ за историја) — еден од најстарите и до скоро време и најразвиените студиски групи на Филозофскиот факултет, на која студирале и дипломирале бројни кадри историчари (кои се вработени како наставници, научни работници, архивисти, музеолози, кустоси и др.). Основач е, и бил постојан раководител на Семинарската библиотека при оваа студиска група, која е денес една од најбогатите со библиотеки книжен фонд за проучување на историјата на македонскиот народ.

Со својот работен ентусијазам проф. Љубен Лапе се издигна на пиедесталот на нашите врвни научници на полето на македонската повоена историска наука и воопшто на македонистиката. Севкупните достигања на македонската историографија по ослободувањето несомнено се поврзани со неговото име. Учествувал во составувањето и реализирањето на многу научни проекти, а неговите прилози (со над 200 библиографски единици — книги, прирачници, зборници на документи, статии, рецензии и др.) се претежно трудови со осмислена и клучна тематика од нашето минато што го проучувал од втората половина на XIX и првите децении на XX век. Од посебна вредност му се прилозите за одделни личности кои беа во предните редови на националноослободителните борби на македонскиот народ во обележаното време. Професорот и академикот Љубен Лапе поседуваше посебен слух и проницливост во проучувањето на онаа историска тематика, кон кои била свртена врховистичката односно великобугарската пропаганда со цел тенденциозно или криво да ги претставува и присвојува за познатите цели. При своите долгогодишни истражувачки напори не само што ги отфрлаше нап-

ластените со децении искривувања или узурпирања на нашето минато туку му ја откриваше и презентираше на македонскиот човек неговата сопствена историја. Неговите трудови се засновани врз грижливо и педантно истражена и проверена документација и широко консултирана литература.

Професорот Љубен Лапе бил соработник на многу научноистражувачки институти, член на редакциски одбори, стручни, комисии, научни совети и тн. Со свои научни прилози учествувал во бројни монографии на наши градови или регии, во зборници како посебни изданија од научните собири, во стручните списанија. Бил иницијатор и на многубројни научни собири, конгреси, семинари, и сл. Еден е од основачите на историографските списанија во нашата република, одговорен уредник или член на нивните редакции. Одржал бројни предавања, претежно на семинарите за стручно усовршување на наставниците историчари. Учествувал на сите нивни конгреси во земјата, како и на три светски конгреси на историчарите. Се смета и за еден од нашите научни кадри кои ги поставил основите на македонската архивистика.

Професорот и академикот Лапе, ги набележуваше правците, патиштата на натамошните истражувања, ги ориентираше и ги ангажираше посебно помладите научноистражувачки кадри кон новите и се уште неистражени простори и прашања од македонското минато.

Бројните генерации студенти, сега професори по историја, а и неговите ученици, ќе ги паметат неговите дела не само на полето на науката, туку и неговиот придонес како педагог, општественик и комунист.

Беше прогласен за доживотен почесен претседател на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија.

Носител е на бројни признанија, благодарници, републички награди и одликувања.

Престана да чука тоа благородно и широко срце кое можело да ја сподели радоста со солзите радосници, но и да се расплаче за болките на своите блиски и пријателите, со оние кои што го почитуваа . . .

Војо Д. Кушевски